# Living the Lotus

12
2024
VOL. 231

## Buddhism in Everyday Life



















## Overseas Members of Rissho Kosei-kai Participate in the 2024 Oeshiki-Ichijo Festival in Tokyo






Living the Lotus
Vol. 231 ( Декември 2024 )

Објавено од Ришо Косеи Каи
Фумон Медиа Центер, 2-7-1 Вада,
Сугинами-Ку, Токио, 166-8537 Јапонија
Тел: +81-3-5341-1124
Факс: +81-3-5341-1124
Имејл: living.the.lotus.rk-international
@kosei-kai.or.jp
Сениор Едитор: Кеиицх Акагава
Едитор: Сачи Микава
Цопс Едитор: Александар Димовски
Уредувачкиот тим на Меѓународното
Ришо Косеи Каи

Ришо Косеи Каи е световна Будистичка организација чија света списа е Тројната Лотос Сутра. Таа била создадена од Основачот Никјо Нивано и Ко-основачот Мјоко Наганума во 1938. Оваа организација е составена од обични луѓе и Жени кои имаат верба во Будата и стремат да ја збогатат нивната духовност преку примена на неговите учења во секојдневниот живот. И во локалните заедници и на меѓународно ниво, ние, под водството на Претседателот Ничико Нивано сме многу активни во промовирање на мир и благосостојба преку алтруистички активности и соработка со други организации.

Насловот на овој билтен, Живеејќи го Лотосот- Будизам во секојдневниот живот, ја пренесува нашата надеж за стремење кон практикување на учењата на Лотос Сутрата во секојдневниот живот во несовршен свет за да ги збогатиме и направиме нашите животи повредни за живеење, како што убавите лотосови цвеќиња цветаат во калливо езерце. Овој билтен има за цел да им помогне на луѓето насекаде во светот да го применат Будизмот полесно во нивните секојдневни животи.



# Негувани од средбите – Умот на почит и умот на понизност, дел 2

Поч. Ничико Нивано
Претседател, Ришо Косеи-каи

## Средби кои ги споделуваат будините учења

Монахот од Хеиан-ерата и поет Саигјо (1118-90) ја напишал оваа поема: 'Собирајќи ја росата / Од секое сечиво на трева во есенското поле, / Јас ќе направам лотосово езерце.' Во оваа поема, Саигјо опиишува убава сцена, можеби од касна есен или рана зима, кога лисјата од темноцрвениот јавор сјаат со утринска роса. Иако утринската роса обично симболизира нешто минливо, кое исчезнува, тој напишал дека преку собирање на тоа заедно, тоа може да стане лотосово езерце полно со чиста роса. Додека оваа поема се чини дека ги опишува чудата на природниот свет, Саигјо фактички алудира на овој пасус од светата книга: 'Нека овие заслуги / Се прошират универзално кон сите / Така да ние и сите живи битија/ Заедно го употполниме Буда Патот' ('Параболата за Магичниот Град,' поглавје 7 на Лотос Сутрата). Заради тоа, 'росата' е навистина буда природата.

Саигјо живеел за време на Хеиан ерата, кога многу луѓе во Јапонија страдале од серии на природни катастрофи, чуми, војни, и глад. Саигјо мора да бил загрижен во такви тешки времиња и сакал да ја ослободи  секоја единична личност кој доживувал сиромаштија и други тешкотии. Иако некои девет века поминале од времето на Саигјо, во моите очи, нема голема разлика во денешно време во основите на овој свет. До духовитост, секој, секаде во светот, сеуште се надева да ги направи нивните општества така убави како лотосово езерце, исполнето со луѓе кои се разбудени кон нивната буда природа.

Тоа што ние можеме да го направиме, секој и сите ние, да го направиме ова да се случи, е да ја целосно осознаеме нашата сопствена буда природа и тогаш да се стремиме да создадеме свет во кој секој се почитува еден со друг и живее во хармонија, преку блиско влијаење еден на друг и грижење за луѓето кои страдаат. Едноставно кажано, тоа што нас ни треба сега повеќе од било кога се средби кои ги споделуваат учењата и ја шират Дармата.

## Лотосово езерце кое сјае со светлото на буда природата

Како што јас спомнав во изданието од прошлиот месец, кога ние го издигнуваме умот на почит, умот на понизност исто спонтано се издигнува. Јас самиот имав болно но драгоцено искуство кое неочекувано ме подучи како умот на понизност се издигнува.

Тоа беше летото на мојата трета година на универзитет. Тогаш, јас бев студент при кендо сала за тренинг (која беше исто така дом на учителот), и јас бев закажан да поминам два месеци таму на интензивен тренинг. Иако јас самиот се имав пријавено за овој програм, после еден месец на кендо тренинг и вршење задолженија како чистење, јас бев исцрпен и избегав во мојот дом. Следниот ден, мојот учител, Токичи Накамурра, веднаш дојде до мојата куќа и, со силен глас кој ги затресе зидовите, рече, 'Сега, ти не се разликуваш од мое сопствено дете. Па, излези, ние си одиме дома!' И се разбира тој ме врати назад во неговата тренинг сала. Јас сеуште чувствувам длабока почит и благодарнот за мојот кендо мајстор, кој сериозно ме искара; во истото време, јас се сеќавам дека тогаш, јас реагирав емоционално и се чувствував бунтовно, велејќи си себеси 'По ѓаволите со ова!' Кога нам ни недостига свесност и волја да се подобриме, нашите емоции можат да имаат предност пред само осврнувањето и да имаат ерупција на бесрамни мисли.

Сепак, изразувањето на незадоволство може да причини да ние признаеме дека ние неможеме да продолжиме на таков начин и да добиеме мотивација да се обидеме да се подобриме себеси. Исто како со буда природата, ние сме сите опремени со умот на понизност; во мојот случај, кога тоа беше активирано, јас бев способен да го променам мојот ум и да се обидам да ја повратам довербата на мојот кендо мајстор.

Јас мислам дека ова е истото како патот на признавање и каење, во нашите животи на верба, се важни за земање во обзир на нашиот раст како човечки битија.

Навистина, тоа е преку нашата интеракција со другите – тоа што ние го нарекуваме 'средби' – дека умот на почит и умот на понизност се разбудени. Практиките на Ришо Косеи-каи на тренирање и водење на луѓето кон Дармата исто има големо значење во негување на таквата ментална состојба во себеси и другите. Иако ние сме сеуште внимателни да не шириме заразни болести, ако има некој околу нас кој е загрижен или во мака, јас мислам дека ние имаме улога да ја исполниме преку пружање на помош и правење на таа средба можност да се про шири кругот на луѓе поврзани кон Будините учења и да се трансформира локалната заедница во оаза – лотосово езерце кое сјае со светлото на буда природата. За да бидеме сигурни дека ние не го заборавање ова, ние треба длабоко да размислуваме за гореспомнатите редови на светата книга за време на нашите дневни сутра рецитации и да се заветуваме да изградиме свет каде секој, преку свесноста на нивната сопствена буда природа, доживува среќа.

Првиот чекор кон градење на тој свет е за секој еден од нас да размени весели поздрави и да покаже еден кон друг љубезност во нашите домови, работни места и заедници. Кога ова е речено, гледајќи назад кон оваа помината година, дали сите вие сте биле вашите најдобри сопства?

(Од *Косеи*, Декември 2024)



# Вовед кон Ришо Косеи-каи преку стрипови

## Годишни настани на Ришо Косеи-каи

### Уламбана церемонијата

Обон Фестивалот (Уламбана церемонијата) е годишен настан за комеморација на нашите претци.

Воглавно се исполнува од Август 13 до 16, иако во некои подрачја тоа се исполнува од Јули 13 до 16. За време на овој период, вообичаено е да се поканат духовите на нашите претци во овој свет (во нашите домови), да се помине време заедно, и да се направат понуди.

Обичаите кои се следат се разликуваат од област до област, но сепак тоа е важен настан кој ние го негуваме како можност да ја изразиме нашата благодарност кон нашите претци за предавање на нивните животи кон нас.

Во Ришо Косеи-каи, членовите годишно ја исполнуваат Уламбана церемонијата во средината на Јули и ја рецитираат Лотос Сутрата за нивните претци.









**Дали знаевте?**

Маудгалајана, еден од десетте големи верници на Шакјамуни, бараше совет од Шакјамуни како да ја спаси неговата почината мајка, која паднала во подрачјето на гладни духови. Шакјамуни го подучил него да ги покани членовите на Сангата за нејзината панихида и да направи понуди на храна кон нив. Маудгалајана го следел советот и направил понуди кон Сангата на 15 Јули. Тогаш таа избегала од подрачјето на гладни духови и се вознела во мирното подрачје на небесата. Ова е потеклото на Уламбана церемонијата.

* Секоја репродукција или реобјавување на оваа содржина е забранета освен репродукции за лична, некомерцијална, и информативна употреба.

# Годишен меморијален ден на коосновачката Наганума






Коосновачката Мјоко Наганума преминала на 10 Септември, 1957, на возраст од 67.

Таа ги водеше членовите кон патот на среќата со сочувство, понекогаш бивајќи нежна и во други моменти бивајќи стриктна. Таа е сеуште почитувана од членовите како мајката на сочувство.

Ние го исполнуваме овој меморијален ден како можност за комеморација на нејзиниот живот на сочувство во кој таа се посвети себеси едно-умно кон ширење на Дармата. Тоа е исто така ден во кој секој член на Ришо Косеи-каи прави завет да ги практикува учењата, следејќи го нејзиниот дух на сочувство.

**Дали знаевте?**

Јихи (慈悲)，значи сочувство, се состои од два канји карактери, ји (慈) и хи (悲). Ји значи срцето кое сака да го живее животот преку правење на животот на другите среќен, додека хи го индицира умот кој сака да ги ослободи од страдање другите преку делување.

* Секоја репродукција или реобјавување на оваа содржина е забранета освен репродукции за лична, некомерцијална, и информативна употреба.

# Нас ни е даден поклонот на животот преку Будата

## Делејќи ја радоста на имање примено на Будиниот поклон на животот

Поч. Никјо Новано
Основачот, Ришо Косеи-каи



Најдобриот начин да се цени фактот дека вие го имате примено Будиниот поклон на животот и сте одржувани од Будата е преку понудувањето на сутра рецитирање. Секојпат кога вие ја рецитирате Лотос Сутрата, наутро и навечер, чувство на радост и благодарност за Будиниот поклон на живот извира во вашето срце.

Кога ние сме исполнети со радост за Будиниот поклон на живот и одржување, ние природно комуницираме со другите на флексибилен и хармоничен начин. Ако ние сме со некој кој е проблематичен, ние можеме да бидеме способни да им помогнеме на нив преку сугерирање како тие можат да ги направат нештата подобри или преку споделување со нив што велат Будините учења. И за тие кои се несвесни дека тие имаат примено живот од и се одржувани од Будата, ние можеме да ги отвориме нивните очи со кажување на ова 'Будата ти донесе живот и те поддржува!' Ова е улогата и духовната пракса на тие од нас кои се свесни дека ние го имаме примено Будиниот поклон на живот и сме одржувани од Будата.

Секогаш кога јас имам шанса, јас ги посетувам Дарма центрите во различни локации, и каде и да одам, јас сум поздравен со голема радост од многу членови. Во таквите времиња, јас сум длабоко трогнат, мислејќи ‘Постојат толку многу луѓе кои осознаваат дека тие биле донесени во живот и се одржувани од Будата!’

Колку повеќе го цените Будиниот поклон на живот, и колку повеќе практикувате, поголема станува вашата радост. Јас ве охрабрувам сите вас да ја споделувате оваа радост во звучен глас со сите луѓе околу вас.






# A Global Buddhist Movement




Information about local Dharma centers

facebook

X

Ние ги сметаме за добродојдени коментарите на нашиот билтен Живеејќи го Лотосот :
living.the.lotus.rk-international@kosei-kai.or.jp